**Policy Brief**

# Достоинствен живот за лицата со посебни потреби

**Виктор Азманоски**

**Резиме**

Иако во Република Македонија има околу 90,000 лица со посебни потреби тие добиваат внимание најчесто само на 3 декември, меѓународниот ден на лицата со хендикеп.

Лицата со хендикеп во Република Македонија сеуште се соочуваат со архитектонски бариери. Тие се социјално исклучени и маргинализирани. Законот за здравствена заштита не им овозможува целосна заштита, посебно во однос на ортопедските помагала, додека со воведувањето на данокот на додадена вредност во 2000 година значително се намалија нивните бенефиции.

Средствата кои лицата со посебни потреби ги добиваат за помош од друго лице, детски додаток, и помош за телесно оштетување се повеќе симболични отколку корисни. Законот за вработување на лица со посебни потреби дава можности, но во пракса често има злоупотреби од страна на работодавците.

Моменталната слика на лицата со хендикеп во Република Македонија мора суштински да се промени. За тоа е потребна неодложна акција за целокупна афирмација, социјализација и подобрување на животниот стандард на лицата со хендикеп, од сите граѓани, но пред се од надлежните јавни институции.

Издавањето на овој Policy Brief е поддржано од:

Институт за социјална демократија “Прогрес„
Варшавска 1, П.фах 42, 1000 Скопје
Република Македонија
Т +38923061770
Ф +38923061775
Е contact@progres.org.mk

www.progres.org.mk

Twitter: @Progres Institut
Facebook: Progres Institute for Social Democracy
YouTube: ProgresTube

Искажаните ставови на авторот не мора да соодествуваат на ставовите на Прогрес.

**Вовед**

Меѓународен ден на лицата со хендикеп е 3 декември. На овој ден секоја година се дискутира за проблемите на овие лица. Политичарите како по дефиниција на овој ден се сликаат со лицата со хендикеп. За жал тие забораваат дека лицата со хендикеп не постојат само на 3 декември, туку го живеат својот живот 365 денови во годината.

Денес се смета дека од 7 до 10 отсто од целокупната популација се лица со некој вид хендикеп. Овој број во неразвиените земји и земјите во развој е далеку поголем. Секоја модерна држава се труди да и помогне на оваа популација со воведување одредени бенефиции со цел овие лица да можат што подостојно да се пробиваат низ животот.

И нашата држава декларативно се труди да го следи овој пример. За жал праксата сеуште не ги следи вербалните заложби и декларации.

Како и за другите граѓани во Република Македонија, така и за лицата со хендикеп сонот за подобар живот се земјите со повисоко развиена свест, како на пример Шведска, Англија, Данска, Норвешка и др. Во овие земји лицата со хендикеп се на прво место кога станува збор за социјалната заштита и услугите што ги нудат службите задолжени за работа со лицата со хендикеп.

Најпрво едно појаснување што е тоа хендикеп. Хендикепот е вроден или стекнат во текот на животот на индивидуата. Бројот на лица со хендикеп секоја година е менлив зависно од статистичките податоци колку лица ќе бидат со вроден хендикеп или колку лица ќе настрадаат во некаква несреќа. Хендикепот кај луѓето целосно го менува нивниот начин на живот.

**Проблеми на лицата со посебни потреби во Македонија**

Еден од најголемите проблеми во Македонија за лицата со хендикеп е тоа што нашата држава нема овозможено услови за нормално движење на овие лица. Тие наидуваат на различни архитектонски бариери. Иако се превземаат мерки за отстранување на тие бариери, уштре многу останува да се направи.

Во моментот нашата држава е со многу лоша инфраструктура на градските сообраќајници, влезовите во јавните установи се стари без соодветни патеки или лифтови, така да овие лица немаат пристао и не можат да ги остварат нивните човекови права.

На лицата со хендикеп им е потребно секојдневно дружење и социјализација. Така тие би имале достоинствен и полноправен живот. За жал во моментот најголем дел од нив живеат затворени меѓу четири зидови во своите домови. За жал најголем дел од овие лица денес во Македонија се маргинализирани и социјално исклучени.

Законот за здравствено осигурување не функционира најдобро и треба што побрзо да претрпи измени. Партиципацијата на лекарствата и ортопедските помагала за лицата со хендикеп е премногу голема, а квалитетот на ортопедските помагала е недоволен.

Со демократизацијата и развојот на самостојна Република Македонија постоеше надеж дека состојбата на лицата со хендикеп ќе се подобри. Но за жал правата кои тие ги имаа во поранешниот систем наместо да се прошират се стеснети, а некои од нив целосно се отфрлени.

Кулминација на сето ова се постигна кога Никола Груевски, како министер за финансии, на 1 април 2000 година го воведе данокот за додадена вредност (ДДВ), но ги избриша и оние малку бенефиции што ги имаа лицата со хендикеп. Ова најмногу го почуствуваа лицата со хендикеп, семејствата во кои има лице со хендикеп и сиромашните средини каде лицата со хендикеп живеат на маргините од општеството.

Законот за вработување на лица со посебни потреби е мал сончев зрак во легислативното сивило. Невработеноста кај лицата со хендикеп, според податоците од севкупното членство на Сојузот на телесни инвалиди, изнесува 18 отсто. Тоа е компаративно помал процент во споредба со вкупната невработеност во Македонија.

Законот нуди разни услови за вработување на инвалиди во фирми за производство на пластика, во картонажи, печатници и друго. Но никој не помислува дека еден човек со хендикеп може да води консалтинг – фирма, медиуска куќа, адвокатура, да биде здравствен работник и др.

**Потреби и права на лицата со посебни потреби**

Лицата со посебни потреби во Република Македонија членуваат во Сојуз на телесно инвалидизираните лица на Македонија ( СТИЛМ ).

СТИЛМ е национална организација на граѓаните на Република Македонија кои имаат телесен инвалидитет, како последица на параплегтија, дистрофија, детска парализа, церебрална парализа, мултиплекс склероза, ампутација на екстремитет и други нервно мускулни и коскени заболувања.

СТИЛМ има 17 регистрирани членови кои се организирани во градски, меѓуопштински и општински здруженија. СТИЛМ ги претставува и застапува лицата со телесен инвалидитет пред државните органи и други институции на Република Македонија и на меѓународно ниво, а заради остварување на нивните права и интереси.

Во табелата подолу има преглед од кои се групации е составен сојузот, додека бројката на членови е варијабилна. Во Македонија моменталната бројка на регистрирани и нерегистрирани лица со хендикеп е околу 90,000.

Тоа е голем број на лица со посебни потреби, на кој што треба да им се овозможи нормален, достоинствен и полноправен живот.

Графикон и табела. Причини за телесен инвалидитет и структура на СТИЛМ




**П Р Е Г Л Е Д**
**на бројот и структурата на членовите на Сојузот на телесно инвалидизираните лица на Македонија по вид на телесен инвалидитет, вкупно и по здруженија**

| Реден број | Општина | ЦП | ПП | ДП | МС | ДИС | АМП | ОСТ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Скопје | 307 | 138 | 148 | 164 | 73 | 186 | 633 | 1649 |
| 2. | Битола | 97 | 50 | 60 | 36 | 13 | 126 | 361 | 743 |
| 3. | Штип | 40 | 31 | 20 | 15 | 10 | 59 | 447 | 622 |
| 4. | Тетово | 124 | 28 | 102 | 24 | 20 | 37 | 167 | 502 |
| 5. | Прилеп | 73 | 25 | 25 | 8 | 15 | 73 | 276 | 495 |
| 6. | Струмица | 101 | 64 | 32 | 34 | 18 | 46 | 68 | 363 |
| 7. | Куманово | 26 | 25 | 29 | 8 | 5 | 39 | 202 | 334 |
| 8. | Кочани | 20 | 35 | 19 | 22 | 7 | 54 | 159 | 316 |
| 9. | Радовиш | 27 | 8 | 12 | 10 | 11 | 25 | 123 | 216 |
| 10. | Велес | 26 | 16 | 13 | 8 | 6 | 10 | 36 | 115 |
| 11. | Кавадарци | 12 | 12 | 17 | 14 | 2 | 17 | 52 | 126 |
| 12. | Струга | 24 | 7 | 20 | 4 | 11 | 14 | 38 | 118 |
| 13. | Охрид | 16 | 12 | 15 | 7 | 2 | 11 | 47 | 110 |
| 14. | Дебар | 12 | 15 | 16 | 2 | 2 | 14 | 61 | 122 |
| 15. | Гевгелија | 12 | 7 | 10 | 2 | 4 | 10 | 37 | 82 |
| 16. | Кичево | 23 | 14 | 7 | 6 | 6 | 18 | 92 | 166 |
| 17. | Св.Николе | 3 | 3 | 3 | 3 | 5 | 10 | 46 | 73 |
| | Вкупно: | 943 | 490 | 548 | 367 | 210 | 749 | 2845 | 6152 |

(Табелата е превземена од официјалната страна на СТИЛМ )

Барањата на лицата со посебни потреби во Република Македонија се следни :

- Превенција ;
- Подигање на свеста ;
- Здравствена заштита ;
- Рехабилитација ;
- Достапност на услуги и помагала ;
- Образование на лицата со хендикеп ;
- Вработување и работа ;
- Обезбедување на приходи и социјална сигурност ;
- Социјална заштита ;
- Заштита и третман на децата со аутизам и церебрална парализа ;
- Домување ;
- Културен живот ;
- Спорт и рекреација и др.

Од сите потреби на лицата со хендикеп дел се остварени, дел се остварливи, но во реалноста законите за лицата со хендикеп не се спроведуваат како што треба.

На пример во однос на барањата на лицата со хендикеп за вработување и работата Република Македонија нуди вработување за овие лица во таканаречени 'заштитни претпријатија' и одделува средства од нејзините фондови со кои им го олеснува финансиското работење на работодавците.

Но голем дел од работодавците ги злоупотребуваат овие средства. Работодавците ги приграбуваат средствата наменети за олеснување на претпријатијата за своја корист, додека лицата со посебни потреби остануваат изиграни. Тие се водат како „фиктивно вработени", а во реалноста седат дома и добиваат симболична плата која што е недоволна за нормален живот.

Лицата со посебни потреби се наоѓаат на маргините во општествениот живот. Тие не уживаат некои посебни права со кои би живееле подостоинствено.

Кога станува збор за правата на хендикепираните лица треба да се земе предвид дека станува збор за два вида права.

Првиот корпус права се однесува на општо познатите човекови права и слободи инкорпорирани во највисокиот правен документ кај нас, Уставот на РМ. Вториот корпус се однесува на оние други права кои популарно се наречени бенефиции. Токму во овој втор сегмент, ситуацијата во Република Македонија е алармантна.

На пример, негата за помош од друго лице која што им следува на лицата со хендикеп со наполнети 27 години, е повеќе симболична во износ од 4200 денари. Тие средства не се недоволни за покривање на своите потреби и е незамисливо другото лице со овие примања да се грижи за некого. Истата состојба се повторува со средствата за детскиот додаток за овие лица.

Најалармантна е состојбата кај лицата кои што добиле телесно оштетување како последица на повреда на работно место. Симболичната помош за нив изнесува смешни 900 денари.

Моменталната слика на лицата со хендикеп во Република Македонија мора суштински да се промени. За тоа е потребна и бара неодложна акција за целокупна афирмација, социјализација и подобрување на животниот стандард на лицата со хендикеп.

Во тоа можат да ни помогнат политиките и практиките на поразвиените држави.

Така на пример, прва и основна проблематика која развиените држави ја имаат сведено на минимум  е да се отклонат архитектонските бариери од кои што зависи слободното движење.

Во развиените држави направени се соодветни промени во образованието и здравството, ортопедските помагала се софистицирани и целосно покриени од ресорното министерство, центрите за рехабилитација се на највисоко ниво, надоместокот за нега е неспоредлив со оној надоместок кои што го земаат лицата со хендикеп во Македонија.

Вработувањата на лицата со хендикеп се вршат во приватни и во државни установи. На тој начин психичката состојба на лицата со посебни потреби е на високо ниво, без разлика на нивниот физички хендикеп, и така овие лица можат да бидат вклучени во донесувањето на важни одлуки во нивните земји.

**Препораки**

Со залагање на секој граѓанин на Република Македонија, а посебно на Владата и нејзините институции, може да се придонесе лицата со хендикеп и во нашата држава да имаат достоинствен и полноправен живот. За да се реализира тоа државните институции треба во најскоро време, во предвид да ги земат следните препораки:

1. Државата да превземе активности за зголемување на свеста во општеството за лицата со посебни потреби, за нивните права, нивниот потенцијал и нивниот придонес.

2. Да се обезбеди ефективна медицинска заштита за лицата со хендикеп.

3. Државата да обезбеди центри за ефективна рехабилитација, вклучувајќи ги тука и техничките помагала со кои ќе им се подобри секојдневниот живот. Освен тоа треба да се провери функционалноста на моменталните центри за рехабилитација, хигиената и условите за престој во истите.

4. Во однос на пристапноста државата треба да воведе програми и активности за да ја направи достапна физичката околина и да преземе мерки за обезбедување пристап кон комуникации и информации.

5. Правото за образование во основно, средно и високо образование не треба да претставува проблем за лицата со посебни потреби доколку државата поенергично се зафати со проектот за надминување на архитектонските бариери.

6. Државата треба да обезбеди остварување на основното право за вработување на хендикепираните лица.

7. Државата е должна да го промовира целосното учество на хендикепираните лица во семејниот живот.

8. Лицата со посебни потреби треба да се вклучат во креирањето на политиката и нејзиното планирање.

Институт за социјална демократија “Прогрес„

www.progres.org.mk